# ЗИМ ”СКОПЈЕ” А.Д. СКОПЈЕ

**Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии „СКОПЈЕ“**
**А.Д – СКОПЈЕ**

# ПРАВИЛА ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА

**НА ТЕЛО ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА НА ПРОИЗВОДИ**

| | | |
|---|---|---|
| **ОЗНАКА: ЗИМ.СТ.02** | **ЗИМСЕРТ** | **МКС EN ISO/IEC 17065:2012** |

► ***Контролирана копија***

*РЕФЕРЕНТНИ ДОКУМЕНТИ*

*ЗИМ.СТ.ПО ПРИРАЧНИК ЗА КВАЛИТЕТ ЗИМСЕРТ*
*ЗИМ.СТ.01 Општа шема на сертификација*
*ЗИМ.СТ.03 Правила за користење на сертификатот и сертификационе симбол*
*Закон за градежни производи („Службен весник на РМ" бр. 104/15 и бр. 192/15)*
*МКС ЕН ISO/IEC 17065 :2012 Општи барања за оцена на сообразност*
*Стандарди и технички спецификации со кои се прифатени европските норми за сертификација на градежните производи, за кои се потврдува сообразност*

*Ова е интерен документ на ЗИМ СКОПЈЕ*
*Забрането е копирање на документот или на негови делови без писмена согласност од страна на Директорот*

| Датум: | Изработил: | Контролирал: | Одобрил: |
|---|---|---|---|
| 25.07.2017 | Лилјана Силјаноска дипл.инж.технолог | Марјана Поповска дипл.гр.инж. | м-р Борис Танески дипл.гр.инж. |

## ОПШТИ ДЕЛ

Овие правила служат како општа информација-известување за учесниците во процесот на сертификација, ги дефинираат општите барања кои мора да бидат задоволени во постапката за добивање и одржување на сертификацијата и ги пропишуваат обврските на Телото за сертификација ЗИМСЕРТ и клиентите (производители/овластен застапник).

## ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

Правилата првенствено се наменети за корисниците (носителите на сертификација) и на ЗИМСЕРТ, односно членовите на СО, членовите на ТОН, персоналот во акредитираната лабораторија и други заинтерисирани страни.

Овој документ произлегува од Општата шема на сертификација ЗИМ.СТ.01.

## ОДГОВОРНОСТ

ЗИМСЕРТ има одговорност да ја спроведува постапката на сертификација во согласност со барањата од техничките спецификации и законската регулатива.

Производителите имаат одговорност за сообразност на производите/сообразност на фабричка контрола на производство со барањата од соодветните технички спецификации.

## РЕФЕРЕНТНИ ДОКУМЕНТИ

Генерално документи кои се применуваат во процесот на сертификација се
МКС ЕН ISO/IEC 17065 :2012 - Општи барања за оцена на сообразност и Законот за градежни производи (Службен весник на РМ, бр. 104/15 и бр.192/15)

## ТЕРМИНИ И ДЕФИНИЦИИ

Во овој документ се користат некои од следните дефиниции, поими и кратенки:

| | |
|---|---|
| Тело за сертификација на производот: | е независно именувано тело за сертификација именувано од Министерството за економија, што врши оцена и издава потврда за постојаност на својствата на градежниот производ; |
| Сертификација: | постапка со која трета страна дава писмена гаранција дека производот е усогласен со утврдените барања, специфицирани во нормативните документи, како што се прописи, стандарди и технички спецификации |
| Сертификат: | документ со кој се потврдува дека градежниот производ или фабричката контрола на производството е усогласн(а) со соодветната техничка спецификација |
| Шема на сертификација: | систем за сертификација кој се однесува на специфицираните производи на кои се применуваат исти специфицирани барања, специфични правила и процедури; |
| Проширување на сертификација: | постапка за проширување на подрачјето на сертификација |
| Суспензија на сертификација: | постапка за привремено ставање вон сила на доделената сертификација во целиот обем на сертифицираното подрачје |
| Намалување на предмет на сертификација: | постапка за привремено ставање вон сила на доделената сертификација во дел на сертифицираното подрачје |
| Повлекување на сертификација: | постапка за поништување на сертификацијата во целост |
| Тим за оцена и надзор: | (ТОН), Именувани (назначени) лица од страна на РСО кои ќе бидат вклучени во процесот на оцена и надзор, за одредена област. |
| Контрола на фабричкото производство | е активност на постојана внатрешна контрола на производство во фабрика, во согласност со соодветните хармонизирани технички спецификации; |
| Тип на производ: | се група градежни производи со нивоа или класи на својствата на еден градежен производ, во врска со неговите суштински карактеристики, произведен со употреба на сурови материјали или други елементи во производствен процес; |
| Хармонизирани технички спецификации: | е документ кој ги пропишува техничките барања што треба да ги исполни еден производ, пропишани во хармонизираните стандарди или во Европски документ за оцена; |
| “Хармонизиран стандард“ | е европски стандард кој е донесен од европските тела за стандардизација на барање на Европската комисија со кој се овозможува усогласување на производите, услугите или процесите со законските одредби и истиот се објавува во „Службен весник на Европската унија“; |

КОНТРОЛИРАНА КОПИЈА

| | |
|---|---|
| „Нехармонизирано подрачје“ | е подрачје во кое производот се пушта на пазарот, а за кој не постои техничка спецификација; |
| Производител : | е секое физичко или правно лице кое што произведува градежен производ, или го препродава под свое име или трговска марка градежниот производ произведен од друг производител; |
| Приговор, жалба: | Приговор: изразување незадоволство од телото за сертификација, од страна на физичко лице/правно лице, кое се однесува на активностите на сертификационото тело<br>Жалба: барање на клиентот за преиспитување на неповолната одлука за него од телото за сертификација, а која се однесува на статусот на сертификација; |
| Регистар на сертификати/потврди на ЗИМ: | ажурирана листа на издадени сертификати со статус |

Кратенки

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЗИМСЕРТ | Тело за сертификација на производи | СМК | Систем за управување со квалитет во ЗИМ |
| СО | Сертификационен одбор | СМС | Систем за управување со квалитет во ЗИМСЕРТ |
| ТОН | Тим за оцена и надзор | АЛ | Акредитирана Лабораторија во ЗИМ |
| РКС | Раководител за квалитет на системи | | |
| ТНРИ | Тело за одржување на непристрасност и рамнотежа на интереси | | |
| ЗИМ | Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии „СКОПЈЕ“ А.Д. – СКОПЈЕ | | |

КОНТРОЛИРАНА КОПИЈА

## 1.Посебни одредби и активности

### ОПШТО

ЗИМСЕРТ ги сертифицира градежните производи и управува со работата при почетна контрола на фабриката и контрола на фабричкото производство, надзор и испитување на градежните производи за потребите на сертификацијата и има целосен надзор и одговорност во спроведување на постапката за сертификација и одржување на сертификатот.

Целта на ЗИМСЕРТ е да воспостави доверба кај клиентите и да ги извршува задачите за оцена на сообразност на градежните производи на независен, доверлив, компетентен и професионален начин, со задоволување на законските барања и барањата на техничките спецификации.

Оцената на сообразноста на градежниот производ во согласност со системите за оцена и потврда на постојаноста на својствата 1+,1 и 2+, се врши согласно барањата од техничките спецификации, сертификационите шеми и барањата од законот за градежни производи бр.104/15 и бр.192/15.

Од страна на ЗИМСЕРТ на компетентен, конзистентен начин и непристрасно се спроведуваат активности за оцена на сообразност на градежни производи, при што во зависност од системот за оцена и потврда на постојаноста на својствата се врши:

- одредување тип на производ врз основа на тестирање на типот (вклучувајќи земање примерок);
- почетен преглед на фабриката и контрола на фабричкото производство;
- оценка и вреднување на контрола на фабричкото производство;
- постојан надзор, оцена и контрола на фабричкото производство со цел одржување на сертификатот;
- понатамошни тестирања на мостри од градежниот производ земени од фабриката во согласност со пропишаниот план за тестирање.

Подрачјето на сертификација на ЗИМСЕРТ опфаќа спроведување на постапка за оцена на постојаност на својства за цемент и зидарски цемент и сертификација за сообразност на контролата на фабричкото производство за бетони, агрегати и зидарски малтер.

ЗИМСЕРТ постапката на сертификација ќе ја спроведува на транспарентен начин со предходно дефинирани постапки обезбедувајќи следливост на записите.

ЗИМСЕРТ има одговорност да постапката на сертификација ја спроведува согласно барањата од техничките спецификации, сертификационата шема и законската регулатива.

Правниот статус на ЗИМСЕРТ е искажан преку правниот статус на ЗАВОД ЗИМ со решението за регистрација во Окружен Стопански суд во Скопје, број на решение: 1-132-0-0-0 од 26.01.1956.

Цело име и правен статус: Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии „СКОПЈЕ“ А.Д. – СКОПЈЕ
скратен назив: ЗИМ ” СКОПЈЕ” А.Д. СКОПЈЕ
EDB 30956274932
EMB 4067258
адреса: ул. Живко Чинго бр. 16, 1000 Скопје, Република Македонија
телефон: +389 02 3116 610 02 3213 718 ,
факс: +389 02 3211 996,
e-mail: info@ zimad.com.mk
web: www.zimad.com.mk

## 2. Сертификација на производи/на фабричката контрола на производството

### 2.1. Сертификациони барања

Постапката на сертификација и одржувањето на сертификацијата на ЗИМСЕРТ се спроведува во согласност со барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17065:2012, и барањата од законската регулатива и техничите спецификации .

Сертифицирањето односно оценувањето и промена на постојаност на својства на прозиводи/контрола на фабричкото производство се спроведува према барањата од соодветните сертификациски шеми. Сертификациската шема во хармонизираното подрачје се спроведува во согласност со законот за градежни производи „Службен весник на РМ" бр. 104/15 и 192/15 и барањата од хармонизираните технички спецификации. Сертификациската шема во нехармонизираното подрачје (за кое не постои хармонизирана техничка спецификација) се спроведува соогласно македонска техничка спецификација или македонски стандард на кој упатува техничкиот пропис.

### 2.2. Измени во сертификационите барања

Постапката за измени во сертификационите барања и во сертификационите шеми опишана е во ЗИМ.СТ.01 – општа шема за сертификација,

### 2.3. Пренесување на сертификацијата

Доколку клиентот го промени сопственикот, сертификацијата може да се пренесе на новиот сопственик под услов:

- новиот сопственик да ја потврди и прифати политиката за квалитет и системот за управување со квалитет;
- именуваниот/одговорниот и клучен персонал да остане ист;
- постапките да останат исти;
- релевантниот простор и опрема да останат исти.

При тоа не се менува планот за спроведување на надзорни прегледи.

### 2.4 Непристрасност, независност

ЗИМСЕРТ трајно ги идентификува ризиците по непристрасноста кои можат да произлезат од неговите активности, односи или односите на персоналот.

ЗИМСЕРТ ја обезбедува својата непристрасност и независност во постапките преку:

КОНТРОЛИРАНА КОПИЈА

- политиката и целите за квалитет на ЗИМ “Скопје“ - АД Скопје;
- начинот на донесување на одлуки за сертификацијата;
- постапката на оценување , вреднување и надзор.

Според утврдената политика, ЗИМСЕРТ активностите на сертификација ги спроведува на недискриминаторски и објективен начин заснован над утврдени критериуми и преку вклучување на надзор на надворешно тело за зачувување на непристрасност и рамнотежа на интересите (ТНРИ).
Услугите за сертификација на ЗИМСЕРТ достапни се за сите клиенти подеднакво а спроведувањето на постапката на сертификација не зависи од големината на клиентот ниту од бројот на веќе издадени сертификати. ЗИМСЕРТ не го условува клиентот со неоправдани финансиски или други барања.

## 2.5. Доверливост

Доверливите информации добиени во текот на постапката на сертификација, именуваните/одговорни лица не смеат да ги направат достапни на трети лица, без писмена согласност на клиентот.

Сите информации за подносителите на пријава и носителите на сертификат се сметаат за доверливи освен одлуката за сертификација и општите информации од регистерот (достапни на веб страницата http://zimad.com.mk/zimsert), како што се име и адреса на производителот (овластен застапник), адреса на производствениот погон и подрачјето на сертификација.

Во случај кога постои законска обврска за објавување на таквите информации, заинтересираната страна за тоа ќе биде известена во пишана форма. Таков случај се однесува на известување на националното акредитационо тело ИАРМ, односно ресорното министерство за доделување на сертификатите, повлекување на сертификациите кога тоа е случај.

При потпишувањето на договорот за работа и при потпишувањето на посебни изјави вработените на ЗИМ “Скопје“ - АД Скопје, именуваните/одговорните лица и раководство на ЗИМСЕРТ, се обврзуваат за недавање на било каква услуга која би можела да ја загрози доверливоста, објективноста и праведноста, се обврзуваат за чување на деловна тајна (чување на доверливи информации за клиентите/поднесителите на пријава/носители на сертификатот), се обврзуват на непристрасност, самостојност и независност при работење/испитување/мострирање/оцена и потврда на постојаност на својства/надзор.

Надворешните соработници вклучувајќи ги и ТНРИ и телото за непристрасност и рамнотежа на интереси ТНРИ исто така потпишуваат изјави за чување на доверливи инфомации.

Документацијата од сертификационата постапка, достапна е само на именуваните членови на ТОН, именуваните членови на СО и Раководителот на СО, а се чува на безбедно место. Пристапот во ЗИМСЕРТ е надгледуван, а на корисниците на услугите и посетителите, дозволен престој во просториите на ЗИМСЕРТ е само во присуство на постојано вработените.

## 2.6. Подрачје на сертификација

ЗИМСЕРТ ја прифаќа Пријавата за сертификација од областа на својата дејност и овластување под исти услови за секој клиент.

Клиентот / подносителот на пријава го потполнува образецот за пријава доколку смета дека може да ја докаже сообразноста за градежениот производ/група на производи.

Пред почеток на сертификацијата се договараат меѓусебните одговорности и обврски.

Подрачјето на сертификација се одредува според барањата од техничките спецификации и сертификационата шема.

Подрачјето на сертификација конечно се утврдува за време на воведниот состанок во фабриката пред почеткот на оценувањето во фабриката.

Дополнителни измени, како смалување на подрачјето на сертификација во текот или на крај од оценувањето во производствениот погон нема да се прифати, посебно ако основа на такво барање е негативен резултат на оценување.

КОНТРОЛИРАНА КОПИЈА

### 2.7. Место на оценување

Почетниот преглед, покрај оценувањето на местото на производство, може да се спроведе и на други локации ако тие места се важни за подрачјето на сертификацијата, како на пр.ако клиентот има поддоговорено друга лабораторија за спроведување на испитувањата која се наоѓа на друга локација.

### 2.8. Јазик на сертификација

Сертификатот за сообразност мора да биде напишан на македонски јазик и кирилично писмо. Службен јазик во постапката на спроведување на сертификација е македонскиот.

Согласно обврските од договорот, поединечни делови од документацијата можат да бидат доделени и издадени на англиски јазик, за што може да биде вклучен преведувач или друг експерт кој ќе обезбеди точен превод.

### 2.9. Трошоци за сертификација

Трошоците се одредени со понудата и Договорот т.е ценовникот на ЗИМСЕРТ, а ги покрива Клиентот.

### 2.10. Информации

На Клиентите/подносителите на пријава и на сите други заинтересирани страни кои се корисници на услугите на ЗИМСЕРТ, на писмено барање им се ставаат на располагање документите и информации за постапката на сертификација.

Важни документи, на пр. Регистер на сертификати, правила на сертификација и сл. се наоѓаат на интернет страница на ЗИМСЕРТ (www.zimad.com.mk/zimsert).

## 3. Шема на сертификација

- Постапка на сертификација од пројавување на интерес, пријава, преиспитување на пријава, оценување, почетен преглед на производството и контрола на фабричкото производство, почетно испитување на типот на производот, според соодветната шема на сертификација и во согласност со барањата од техничката спецификација за тој производ, доделување на сертификација детално се опишани во ЗИМ.СТ.01 – општа шема за сертификација;

- Постојан Надзор, оценување и вреднување на фабричката контрола на производството детално се опишани во ЗИМ.СТ.01 – општа шема за сертификација

## 4. Управување со сертификација

Постапките за повторна сертификација и проширување на подрачјето за сертфикација детално се опишани во ЗИМ.СТ.01 – општа шема за сертификација.

## 5.Одговорности и Обврски

Одговорност и обврска за производот превзема носителот на сертификација/клиент. Сите прашања за производите од хармонизираното подрачје се пропишани со барањата од законот за градежни производи „Службен весник на РМ" бр. 104/15 и бр.195/15.

ЗИМСЕРТ мора да бара од клиентот да биде редовно известуван за сите промени кои би можеле да влијаат на сообразноста на производот.

### 5.1 Обврски на клиентот/носителот на сертификат

Клиентот на сертификатот мора постојано и трајно да ги задоволува барањата за сертификација и да постапува во согласност со договрените одредби според кои се бара да:

- Клиентот мора постојано да ги исполнува барањата за сертификација за производите од областа на неговото работење, вклучувајќи ги и соодветните измени за кои мора да го информира и сертификационото тело;

КОНТРОЛИРАНА КОПИЈА

- Сертифицираниот производ постојано и трајно треба да ги задоволува законските барања и барањата од техничките спецификации и да превзема потребни мерки за постојано подобрување, спречување и отклонување на појави за несообразности;
- Клиентот треба да спроведува постапки и мерки за да се овозможи:
  - спроведување на вреднување и надзор, преглед на документција и записи, пристап до производствениот погон, пристап до опремата, персоналот, локацијата и неговите поддоговарачи.
  - истражување на приговорите
  - учество на набљудувачи ако е тоа применливо
- Клиентот дава изјава за сертификацијата која е конзистентно со предметот и подрчјето на сертификација;
- Клиентот не ја користи сертификацијата на својот производ на начин кој би предизвикал недоверба према ЗИМ СЕРТ и не дава никакви изјави кои се однесуваат на сертификацијата на неговиот производ кои би предизвикале заблуди или ако клиентот нема овластување за давање таква изјава;
- После суспензија, повлекување или престанок на важење на сертификацијата, од страна на клиентот мора да се престане со користење на целиот рекламен материјал, брошури или документи кои се повикуваат на сертификација;
- Документите мора да бидат репродуцирани во целина доколку клиентот ги испорачува на други;
- При повикување на сертификацијата на своите производи во комуникациски медиуми (документи, брошури и реклами), клиентот тоа мора да го прави према барањата на сертификационата шема и барањата на сертификационото тело;
- Клиентот во поглед на користењето на знакот на усогласеност и на информациите во врска со производот треба да ги спроведува според барањата од сертификационата шема;
- Клиентот има обврска да ги чува сите записи од приговори кои треба му бидат достапни на сертификационото тело при што треба да превземе соодветни мерки и истите да ги документира;
- Клиентот има обврска да го информира ЗИМСЕРТ за сите измени кои можат да влијаат негативно на усогласеноста со барањата од сертификацијата. Промени за кои што треба да се даде информација може да се од правен, комерцијален, сопственички или организациски статус, промени кои што се однесуваат на управувањето со системот за квалитет, промени на клучниот персонал, промени на добавувачи на суровини, како и измени на производот или местото и начинот на производство.
- Клиентот има обврска да ги исплати и трошоците за спроведување на сертификациониот процес

## 5.2 Повикување на статус на носителот на сертификација

Сертификаионото тело ќе превземе мерки за да се обезбеди дека носителот на сертификатот.

- во потполност ги задоволува барањата за бараниот сертификационен статус, кога се повикува на сертификацијата по пат на интернет, документи, комерцијални материјали и сл.
- не дава изјава во врска со сертификацијата, која би можела да се разбере погрешно или како неоснована;
- води грижа да ијавата за својства или други документи да не бидат издадени така да доведат до погрешно толкување.

Доколку дојде до несоодветно повикување на статусот на сертификационото тело од страна на ЗИМ СЕРТ ќе бидат превземени соодветни мерки, барања за корективни акции или во случај на поголеми несообразности, суспензија и повлекување на сертификатот.

КОНТРОЛИРАНА КОПИЈА

### 5.3 Обврски на сертификационото тело - ЗИМСЕРТ

Телото за сертификација ЗИМСЕРТ се обврзува дека постапката за спроведување сертификација и одржување ќе обезбеди:

- Спроведување на сите постапки во согласност со утврдените правила;
- Ограничување на активностите на ТОН за оценка на нивоата/степенот на сообразност со критериумите на сертификцијата;
- Независност и непристрасност на персоналот кој учествува во сертификација;
- Доверливост на документи и информации, комплетирани во тек на постапката на сертификацијата;
- Јавно достапни информации за статусот на сертификатот, редовно ажурирање;
- Информации за следливост на резултатите во однос на подрачјето на сертификација;
- Навремено известување за сите промени на критериумите на сертификацијата;
- Информации за меѓународна соработка во која ЗИМСЕРТ е вклучен.

Сертификационото тело се обврзува дека при спроведувањето и одржувањето на сертификациониот процес ќе обезбеди:

- Спроведување на сите постапки во соогласност со пропишаните правила;
- Ќе ги ограничи активностите на оценувачите според нивото на усогласеност со сертификациските барања;
- Непристрасност на сите учесници во процесот на сертификација;
- Доверливост на документите и информациите кои што се здобиени за време на текот на сертификацијата;
- Јавно достапни информации за статусот на сертификатот и негово ажурирање;
- Информации за следливост на резултатите во однос на подрачјето на сертификација;
- Навремени известувања за сите промени за сертификационите барања.

## 7. Намалување на подрачје, суспензија, или повлекување на сертификација

Условите за Намалување/Суспензија на сертификација /Престанок на сертификација/ Повлекување на сертификација детално се опишани во Правилата (ЗИМ.СТ.01)

## 8.Приговори, жалби

Сертификационото тело има документиран систем за начинот на постапување со приговорите/ жалбите на клиентите или други страни, која вклучува примање, вреднување и решавање (одговор) на приговори/жалби согласно ПР.СМК .4.8.1

- Приговор

Приговор е израз на незадоволство на правно лице или физичко лице, во врска со активностите и постапките на ЗИМСЕРТ и Клиентот. Откако ќе се оцени важноста на приговорот, и истиот се смета за оправдан од страна на ЗИМСЕРТ се преземат соодветни мерки. За резултатите од решавањето на приговорите се известува подносителот на приговорот во писмена форма. За сите приговори и преземени мерки се водат записи. За приговор кој не е во писмена форма или е од неидентификуван извор, ќе се постапува според проценката на оправданост на самиот приговор.

- Жалба

Жалбата е на барање на Клиентот за преиспитување на неповолната одлука за него од ЗИМСЕРТ, а се однесува на неговиот посакуван сертификационен статус. Согласно Политиката за одржлив развој, се води грижа за да од страна на Корисниците нема услови за поднесување на жалби за текот на сертификационата постапка. Меѓутоа, доколку до жалба сепак дојде, таа се решава без одлагање.
За резултатите од постапката на решавање на жалби која се спроведе се известува Клиентот, подносителот на жалбата, во писмена форма. Во случај на приговор или жалба се користат принципите на решавање на приговорите, жалбите согласно ЗИМСЕРТ - Прирачникот за квалитет ЗИМ.СТ.ПО, и процедурата СМК ПР.4.8.1.

КОНТРОЛИРАНА КОПИЈА